# „Поставување на урбана опрема на Кочулски водопади“



Туризмот е една од главните стратешки цели во Програмата за развој на Југоисточниот плански регион. Југоисточниот плански регион располага со многу туристички локациии и можности за развој за туризмот. Потенцијалите со кои располага регионот се основаат за развој на туризмот, но сами по себе не се доволни за привлекување на домашни и странски туристи. За туризмот да има поголем удел во економскиот развој на регионот, неопходно е континуирано инвестирање во туристичката инфраструктура, подобра презентација на туристичката понуда како и зајакнување на капацитетите на човечките ресурси.

Планината Беласица претставува една од најважните и најубавите туристички дестинации во Југоисточниот плански регион, па затоа треба да се негува и континуирано да се инвестира за нејзиното уредување, заради целосно искористување на нејзините потенцијали. Вложувањето во развој во нови туристички атракции како „Поставување на урбана опрема на Кочулски водопади“ ќе има позитивно влијание врз развојот на туризмот во целиот регион.

Во моментот, водопадите ги посетуваат локалното население од општина Валандаво и дел од планинарските друштва од регионот, но со нивното уредување се отвара можноста да во иднина почесто го посетуваат поголем број на локални жители, граѓани од регионот како и странски туристи кој уживаат во туристички места од таков тип.

Со реализирањето на овој проект ќе се добие уредено туристичко место каде што граѓаните ќе можаат да се рекреираат и уживаат во природните убавини.

## Краток преглед на проектот:

**Носител на проектот:**
- Центар за развој на Југоисточниот плански регион

**Проектни партнери:**
- Општина Валандово
- Општина Дојран
- Општина Богданци
- Општина Гевгелија

**Времетраење:**
8 месеци

**Финансиран од:**
- Министерство за локална самоуправа (Биро за регионален развој)
- Општина Валандово

**Цел на проектот:**

Вложување во развој на нови туристички атракции, со цел привлекување нови туристи и посетители, со што директно ќе се влијае врз развојот на туризмот во регионот, а индиректно на целиот економски развој.

**Контакт: Јован Коцев**
Ул. Боро Џони Бр. 10
2400 Струмица
Моб. 071/221-142
Тел./Факс 034/ 340-139
E-mail:jovan.kocev@rdc.mk



**Цели на проектот**

- Поставување на урбана опрема, клупи, летниковци и патокази
- Креирање на нова туристичка мапа во Југоисточниот плански регион
- Зголемување на бројот на посетители
- Подобрување на пристапот до Кочулските водопади со патокази

**Очекувани резултати**

- Поставена урбана опрема
- Зголемен број на посетители од општината
- Зголемен број на посетители од Регионот
- Одбележени пристапни патеки до водопадите